Број: 11 - 2590/1
Датум: 11.03.2026
Скопје

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и одлуката за користење на Хол за пинг понг – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје Бр. 09-2150/13 од 10.03.2026 година донесена од Советот на Општина Карпош за давање согласност за користење на Хол за пинг понг – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје („Службен гласник на Општина Карпош" бр.06/2026)

## ЈАВЕН ПОВИК
### за користење на Хол за пинг понг – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје

1. **Назив и адреса на органот**

Општина Карпош ул. Никола Русински бр.11

2. **Местоположба на објектот за спорт**

Со одлука бр. 09-2150/13 од 10.03.2026 година Советот на Општина Карпош дава согласност за користење на Хол за пинг понг – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје, опишана во Имотен лист бр.78806, КО Карпош:

- Број на катастарска парцела, основен 1227, дел 1
- Адреса: ул. „Љубљанска" (позади Трговски центар Скопје Сити Мол)
- Број на зграда 1
- Намена на зграда Б6-2
- Влез 1
- Кат Приземје
- Број 1
- Намена на посебен/заеднички дел од зграда П
- Сопственост: Со Одлука донесена од Влада на РСМ за давање на трајно користење без надомест на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10.12.2019 година.

3. **Намена на објектот**

Корисникот има право да го користи објектот, во точно утврдените (бараните) термини и само за извршување на дејностите за кои што е наменет објектот - холот, за пинг понг

4. **Термини за издавање и времетраење**

Термините се распоредени од понеделник до сабота, со почеток од 08.00 часот до 23.00 часот и се користи по 60 минути (еден термин). Недела и државни празници се неработни денови.

5. **Висина на надоместок на термините**

Висината на надоместокот за користење на холот за пинг понг е 60 минути (еден термин) и изнесува 300 денари со вклучен ДДВ.

6. **Време на издавање**

Термините се доделуваат во времетраење од најмногу до три месеци, од денот на потпишување на договорот за користење. Договорот може да се продолжи по барање на корисникот, со склучување на анекс на договор, пред истекот на рокот на неговото важење, доколку корисникот уредно ги исполнува договорните обврски и доколку продолжувањето е во интерес и поволно за општината.

7. **Право на учество**

На јавниот повик може да учествуваат сите заинтересирани правни и физички лица.

8. **Потребни документи**

Физички лица:
- Име и презиме и адреса на живеење (копија од лична карта или пасош),
- телефон за контакт и е-маил адреса.

Правни лица:
- Назив, седиште и единствен даночен број (тековна состојба);
- телефон за контакт и е-маил адреса.

9. **Доделување на термини**

Кој прв поднел барање до архивата на Општина Карпош.

**10. Рок за поднесување на барање и начин на пријавување**

Јавниот повик ќе биде отворен се до пополнување на термините. Барањето за јавниот повик со потребната документација се доставува до архивата на Општина Карпош на ул. Никола Русински бр.11 - Скопје, од денот на објавување на јавниот повик на веб страната на Општина Карпош.
Секој работен ден од понеделник до петок од 07.30 часот до 15.30 часот.
Барателот покрај останатите документи потребно е да наведе ден и час кој термини сака да ги користи.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
Комисијаза користење на спортската сала
„Наум Наумовски Борче" - Партизан, Скопје